Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), а во врска со Договорот за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх. бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес дава на трајно користење движна ствар - машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес, со следните карактеристики:

1. Машина за одбележување патишта со нанесување на собраќајна боја Lazer V 5900 :

- Машина на три тркала, две назад едно напред ротирачко.
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Кормилско управување со подесување во висина и длабочина
- Клипна пумпа една
- Минимален проток на боја мин.5,8 лит/мин
- Континуиран притисок на при работа 220 bar до 240 bar.
- Пиштол еден автоматски со кратко црево ( за осовински линии), еден за мануелно работење со црево мин. 15 м ( за пешачки , стрелки и сл.).
- Уред за перли со резервоар и два дозери ( пиштоли)
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Приклучок за погон за погонско придвижување.
- Насочувач за осовинско одбележување од 60 до 80 см.
- Компјутерски уред ( софтвер ), да прикажува :
• Проток на боја
• Аналогно или дигиталено мерење на притисок на боја
• Брзина на движење на машина
• Должина на одбележана површина
• Софтвер за полно испрекинатао одбележување према зададени параметри.
- Тежина на машината мах. 180 кг.

- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 9614, 2014/30/EU/ EMC Derective или еквивалентно.

2. Погонска машина содветна на машината за одбележување Line Driver 160cc:

- Погонска машина на две тркала и хидруличен систем на придвижување
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Максимална брзина на погонот 18 km/h
- Машината да се движи напред /назад, со педала на лева и десна нога.
- Седло подвижно напред/ назад , прилагодливо према оператор.
- Да поседува и ножна сопирачка.
- Светлосна сигнализација ( светло ).
- Тежина на машината мах. 120 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 3744, 2006/42/ EC Derective или еквивалентно.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движната ствар од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи Договор со ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Согласно потребите на Општина Велес за бележење на хоризонталната сигнализација на сообраќајната инфраструктура на територијата на Општина Велес е склучен Договор за набавка на стоки-машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх.бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година.

Машината која се дава на трајно користење на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес е со следните карактеристики:

1. Машина за одбележување патишта со нанесување на собраќајна боја Lazer V 5900 :

- Машина на три тркала, две назад едно напред ротирачко.
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Кормилско управување со подесување во висина и длабочина
- Клипна пумпа една
- Минимален проток на боја мин.5,8 лит/мин
- Континуиран притисок на при работа 220 bar до 240 bar.
- Пиштол еден автоматски со кратко црево ( за осовински линии), еден за мануелно работење со црево мин. 15 м ( за пешачки , стрелки и сл.).
- Уред за перли со резервоар и два дозери ( пиштоли)
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Приклучок за погон за погонско придвижување.
- Насочувач за осовинско одбележување од 60 до 80 см.
- Компјутерски уред ( софтвер ), да прикажува :
• Проток на боја
• Аналогно или дигиталено мерење на притисок на боја
• Брзина на движење на машина
• Должина на одбележана површина
• Софтвер за полно испрекинатао одбележување према зададени параметри.
- Тежина на машината мах. 180 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 9614, 2014/30/EU/ EMC Derective или еквивалентно.

2. Погонска машина содветна на машината за одбележување Line Driver 160cc:

- Погонска машина на две тркала и хидруличен систем на придвижување
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Максимална брзина на погонот 18 km/h
- Машината да се движи напред /назад, со педала на лева и десна нога.
- Седло подвижно напред/ назад , прилагодливо према оператор.
- Да поседува и ножна сопирачка.
- Светлосна сигнализација ( светло ).
- Тежина на машината мах. 120 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 3744, 2006/42/ EC Derective или еквивалентно.

Согласно член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Општина Велес ја дава на трајно користење машината за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес.

Поради подготовка за започнување на постапка за повторно воспоставување на режим за наплата при користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Велес кој е во надлежност на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес, постои неопходност од давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи“ Велес како претпријатие во чија надлежност се паркинзите и зонското паркирање.

За регулирање на меѓусебните права и односи, Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи Договор со ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи” Велес.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.